# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

| Службен гласник на Општина Свети Николе<br><br>Излегува по потреба | 28.12. 2021 година<br>ден месец година<br>Свети Николе<br>Број 18 | ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА<br>Трезорска сметка 100000000063010<br>Буџетски корисник 7630140762- 630-10 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Решение за разрешување и именување на член од редот на вработените на Управниот одбор на УО ,,Народен музеј,, – Свети Николе бр. 0801 –1289 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 28. 12. 2021 година.

**Бр.0901- 1296**
**28. 12. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 како и член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02), а во врска со член 12 ст. 2 од Законот за музеите, (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 28.12. 2021 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на член од редот на вработените на Управниот одбор на УО ,,Народен музеј,, - Свети Николе**

***Член 1***

1. **Александаар Нацев** - се разрешува од член од редот на вработените на Управниот одбор на ОУ ,,Народен музеј,, - Свети Николе.

***Член 2***

2. **Александара Данев** - се именува за член на Управниот одбор од редот на вработените на ОУ ,,Народен музеј,, - Свети Николе.

*Член 3*

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр.0801-1289**
**28.12. 2021 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за донесување на План за парцелација на ГП 61 и ГП 62 од ДУП дел од „УЕ 2“ Староградско јадро,Општина Свети Николе, составен дел на урбанистички проект бр. 0801 –1290 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 28. 12. 2021 година.

**Бр.0901- 1296/2**
**28. 12. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа член 22, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РепубликаСеверна Македонија“ бр. 32/20), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 28.12. 2021 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за донесување на План за парцелација на ГП 61 и ГП 62 од ДУП дел од „УЕ 2“ Староградско јадро,Општина Свети Николе, составен дел на урбанистички проект**

**Член 1**

Со оваа Одлука СЕ ДОНЕСУВАПлан за парцелација на ГП 61 и ГП 62 од ДУП дел од „УЕ 2“ Староградско јадро,Општина Свети Николе.

**Член 2**

Предметниот проектен опфат се состои од две градежни парцели и две катастарскипарцели кои го формираат проектниот опфат кои се во опфатот на градежните парцелиформирани со ДУП дел од „УЕ 2“ Старо градско јадро,Општина Свети Николе, Одлука број0801-204 од 12.03.2015год.

Проектниот опфат е со површина од 290,,се состои од КП 9781/1 и КП 9782/1, КО СВЕТИ НИКОЛЕ.

**Член 3**

Со постоечкиот ДУП проектниот опфат е со група на намена А1-Домување во станбени куќи, истата се задржува и се определува согласно член 77 одПравилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 225/20).

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален и графички дел од Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 61 и ГП 62 од ДУП дел од ,,УЕ 2,, Старо градско јадро,Општина Свети Николе со технички број 03-176/2021 од август 2021 година, изработен од ИДЕА-КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Струмица
- Извештај за стручно мислење од Комисија за урбанизамбр.1002-249/3 од 09.11.2021 год.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Совет на општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска с.р.**

**Бр. 0801- 1290**
**28.12.2021**
**Свети Николе**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучок за усвојување на Програма за работа на ОУ Дом на култура ,,Крсте Мисирков,, Свети Николе за 2022 година бр. 0801 –1291 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 28. 12. 2021 година.

**Бр.0901- 1296/3**
**28. 12. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 28. 12. 2021 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Програма за работа на ОпШтинската установа Дом на култура ,,Крсте Мисирков,, Свети Николе за 2022 година**

1. Советот на Општина Свети Николе ја усвои Програмата за работа за 2022 година на Општинската установа Дом на култура ,,Крсте Мисирков,, Свети Николе усвоена со Одлука на Управниот Одбор бр. 02-145/8 од 15.12. 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0801 - 1291**
**28.12. 2021 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на ОпШтина Свети Николе**
**Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2022 година бр. 0801 –1292 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 28. 12. 2021 година.

**Бр.0901- 1296/4**
**28. 12. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа начлен 40 од Законот за урбанистичко планирање („СлужбенвесникнаРепублика СевернаМакедонија“ бр. 32/20), и член 22 став (1) точка 1. од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02),Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 28.12.2021 година,донесе:

# П Р О Г Р А М А
## за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2022 година

I. ВОВЕД

Годишната програма за изработка на урбанистички планови на Општина СветиНиколе за 2022 година претставува основа за изработка и донесување на урбанистички планови и урбанистичко-плански документации, основа за уредување и опремување на градежното земјиште и е сегмент од потребата документација за добивање на согласност за изработените планови од Министерството за транспорт и врски.

Планирањето е основа за создавање на единствена реална функционална целина преку кое ќе се овозможи отварање на нови локации за:

-А Домување

-Б Комерцијални и деловни намени

-В Јавни институции

-Г Производство, дистрибуција и сервиси

-Д Зеленило и рекреација

-Е инфраструктура

-Ревизија на постојниот и реализираниот сообраќај

Планирањето се овозможува преку:

-Изменување и дополнување на делови од ГУП и изработка на нов ГУП

-Изменување и дополнување на делови од ДУП-ови, како и изработка на нови ДУП-ови

-Урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место

-Урбанистички проекти

II. ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на годишната програма за изработка на плановите, општината како нарачател склучува Договор со правнолиценосителналиценцазаизработувањенаурбанистичкипланови кој е изработувач на планот.

Со договорот се утврдува содржината на планот(програма), роковите за изработка, начин на плаќање и други права и обврски на нрачателот и изработувачот на планот.

Планови во постапка на донесување се:

**ДУП**

| ред. бр. | Наслов на урбанистички план | површина |
|---|---|---|
| 1. | ДУП за дел од УЕ „1“ и „2“, плански опфат помеѓу ул.„Скопска“, ул.„Карпошева“ и ул.„Јанко Глигоров“, Свети Николе | 1.46 ха |
| 2. | ДУП за дел од УЕ „1“ плански опфат помеѓу ул.„Плоштад Илинден“, ул.„ Октомври“, ул.„Васка Циклева“ и крак на ул.„Плоштад Илинден“ | 2.10 ха |
| 3. | ДУП за дел од УЕ „1“ плански опфат помеѓу ул.„Маршал Тито“, ул.„Анѓел Трајчев“, граница на наменска зона и Горобинска река | 2.27 ха |
| 4. | ДУП за дел од УЕ 6, Блокови 24, 25 и 26 (Индустриска зона ЈУГ), КО Свети Николе, Општина Свети Николе | 77.3 ха |
| 5. | ДУП за дел од УЕ 5, дел од Блок 23, плански опфат 23.3. од ГУП Свети Николе | 8.45ха |
| 6. | ДУП за дел од УЕ 5, дел од Блок 23, плански опфат 20.3. од ГУП Свети Николе | 6.33 ха |
| 7. | ДУП за дел од УЕ 2, дел од Блок 7, плански опфат 7.3 од ГУП Свети Николе | 5.22 ха |
| 8. | ДУП за дел од УЕ 4, дел од Блок 14, плански опфат 14.1 и 14.2 од ГУП Свети Николе | 7.72 ха<br>9.37 ха |
| 9. | ДУП за дел УЕ2, дел од Блок.4 , плански опфат 4.2 од ГУП Свети Николе | 3.06 ха |
| 10. | ДУП за дел од УЕ 5, дел одБлок 19, плански опфат 19.2 од ГУП Свети Николе | 6.65 ха |
| 11. | ДУП за дел од УЕ 4, дел од Блок 13, плански опфат 13.4 од ГУП Свети Николе | 6.07 ха |
| 12. | ДУП за дел од УЕ 4, дел од Блок 12, плански опфат 12.3 од ГУП Свети Николе | 9.83 ха |
| 13. | ДУП за дел од УЕ 3, дел од Блок 9, плански опфат 9.2 од ГУП Свети Николе | 9.67 ха |
| 14. | ДУП за дел од УЕ 2, дел од Блок 6, плански опфат 6.6 од ГУП Свети Николе | 3.72 ха |
| 15. | ДУП за дел од УЕ 4, дел од Блок 12, плански опфат 12.1од ГУП Свети Николе | 8.2 ха |
| 16. | ДУП за дел од УЕ 3, дел од Блок 8, плански опфат 8.4од ГУП Свети Николе | 3.47 ха |

**УПВНМ**

| ред. | Наслов на урбанистички план | површина |
|---|---|---|

| бр. | | |
|---|---|---|
| 1 | УПВНМза изградба на објекти за мало стопанство - намена Г2к.п. 864/1, 868, 869, 870, 871, 872, 873, 874/2, 875/2, 881, делод 882, делод1585/1, 1585/2 м.в. БешКарач КО Горобинци, Општина Свети Николе | 3.26ха |
| 2 | УПВНМ за изградба на Г2 – лесна и незагадувачка индустрија на КП 2524, КП 2521, дел од КП 2516, КП 2519 и КП 2520, мв Село КО Амзабегово, со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, Општина Свети Николе | 2.69 ха |
| 3 | УПВНМ за Е2 – Комунална супраструктура на КП бр. 3958/7-дел, КП бр. 4013, КП бр. 4014/1, КП бр.3979/12-дел, КП бр. 3972/3- дел и КП бр.3958/5-дел К.О. Свети Николе – вон град, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ | 5.20ха |
| 4 | УПВНМ за Е2 – Комунална супраструктура на КП бр. 63, КП бр. 1169/1, КП бр. 1177дел, КП бр. 1179дел, КП бр. 1167дел и КП бр. 1180 К.О. Свети Николе – вон град, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ | 19.19 ха |
| 5 | Урбанистички план за вон населено место за Индустриска зона, К.О. Амзабегово - вон град, Општина Свети Николе | 71.6 ха |
| 6 | Урбанистички план вон населено место за изградба на намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволатични електрани, КО Немањици, Општина Свети Николе, кој ги опфаќа парцелите или делови од парцели на КП 1840/3, КП 1840/4, КП 1846, КП 1848, КП 1849, КП 1850, КП 1851, КП1856, КП 1857, КП 1858, КП 1866, КП 1867, КП 1868, КП 1869, КП 1870, КП 1871, КП 1872, КП 1873, КП 1874, КП1875, КП 1886/2, КП 1888, КП 1889, КП 1890, КП 1891, КП 1892, КП 1893, КП 2662, КП 2663, КП 6658, КП 6659/1, КО Немањици, Општина Свети Николе | |

**ЛУПД**

| ред. бр. | Наслов на урбанистички план | површина |
|---|---|---|
| 2 | ЛУПД со класа на намена А3 – групно домување за КП 1741, КП 1743/1 и дел од КП 1786/2, КО Преод, Општина Свети Николе | 1.48 ха |
| 3 | ЛУПД за изградба на објект за времено сместување со основна класа на намена А4 на КП 1617, КО Преот, Општина Свети Николе | 0.34 ха |
| 4 | ЛУПД за стопански комплекс (Г2 – лесна индустрија) на КП 2526/1, КП 2528, дел од КП 2498/1 и дел од КП 2523, мв Струга, КО Ерџелија, Општина Свети Николе | 1.13 ха |
| 5 | Локална урбанистичка планска документација за изградба на Б5- Хотелски комплекси на КП бр. 1139, КП бр. 1140, КП бр. 1141-дел и КП бр. 1143, К.О. Преод, Општина Свети Николе | 2.72 ха |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди со финансирањеодБуџетотнаопштината, како и одстрананазаинтересиранидправни и физичкилицачииштопрограмскибарања и подрачјанаинтересеприфатливизаопштината.

IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Во текот на годината во зависност од потребите, Програмата може да претрпи измени и дополнувања.

Цената на плановите се пресметува по хектар од испланираната површина, по договор сoправнотолиценосителналиценцазаизработувањенаурбанистичкипланови, избрано по пат на јавна набавка согласно Законот за јавни набавки

Предвидени средства за реализација на програмата се:

-Ф10 – Урбанистичко планирање 6.100.000денари

Оваа програма влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на општина Свети Николе.

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**

**Бр. 0801- 1292**
**28.12.2021 година**
**Свети Николе**

______________________
**Валерија Ивановска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на административни службеници за 2022 година бр. 0801 –1293 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 28. 12. 2021 година.

**Бр.0901- 1296/5**
**28. 12. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15 ,154/15,5/16,142,16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19,14/20 и 215/21“), член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ број 5/2002), Советот на општина Свети Николе на седница одржана на 28.12.2021 година, донесе:

## ОДЛУКА

## за утврдување на вредност на бодот за платите

## на административни службеници за 2022 година

### Член 1

Со одлуката се утврдува вредноста на бодот за платите на административни службеници во општина Свети Николе за 2022 година .

Вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2022 година во општина Свети Николе изнесува **81,6** денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Свети Николе “, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2022 година

**Бр. 0801- 1293**
**28.12.2021**
**Свети Николе**

**Совет на општина Свети Николе**
**Претседател**
**Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Буџетски календар – за 2022 година на Општина Свети Николе бр. 0801 –1294 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 28. 12. 2021 година.

**Бр.0901- 1296/6**
**28. 12. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев ср.**

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР – за 2022година**

**на ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**

| **МОЖЕН ДАТУМ** | **БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ** | **ОДГОВОРНСТ** |
|---|---|---|
| 1-30 Септември | Министерот за финансии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-буџетите за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РСМ, кој им го доставува на општините. | Закон за буџетите Сл.в. 64/2004 Чл. 21<br>Закон за финансирање на<br>ЕЛС (“Сл.весник на Р.Македонија” 61/04,96/04,67/07,156/09,47/11,192/15,209/18 и( “Сл.весник на Р.Северна Македонија бр.244/19,53/21,77/21 и 150/21),согласно чл. 27 став 1 и 2 . |
| 1-5 октомври | Градоначалникот и Секторот за финансии и буџет се состануваат, за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година.Се прави анализа на финасискиот капацитет на општината –проценка на сопствените приходи и капацитети .Се прави комуникација со клучните сектори во општината (даночно одделение,урбанизам,ЛЕР,финансии ,комунални работи се со цел да се утврдат нивните фискални потреби (буџетски трошења)и со тоа да се определат целите/приоритетите/активностите на секој од општинските сектори. | Градоначалник<br><br>Сектор за финнсирање и буџет<br>Сектор за урбанизам<br>Сектор за општи и правни работи |
| 10 октомври | Буџетските информации со формуларите за буџетските побарувања со упатствата се доставуваат до секторите и буџетските корисници | Сектор за финансирање и буџет |

| | | |
|---|---|---|
| | заедно со писмото на Градоначалникот за зацртаните одредби. | |
| 10-25 октомври | Се организираат буџетски форуми со граѓаните и со засегнати страни.Бројот на форумските сесии обично ќе биде (2-3)во согласност со специфичноста и приоритетите на општината . | Градоначалник<br>Раководители на сектори |
| 25 октомври | Проценката на трошоците за наредната буџетска година се враќаат на Секторот за финансирање и буџет од останатите Сектори и буџетски корисници. | Раководители на сектори<br><br>Буџетски корисници |
| 30 октомври | а. Се собираат буџетските барања<br>б. Барањата се анализираат и усогласуваат<br>в. Се изготвува билансот на приходи<br>г. Се изготвува билансот на расходи<br>д.Се изготвуваат развојните програми на Буџетот на општината | Сектор за финансирање и буџет |
| 10 ноември | Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените буџетски пресметки и го одобрува Нацрт-буџетот подготвен од Секторот за финансирање и буџет. | Градоначалник |
| 25-30 ноември | Нацрт-буџетот (работен материјал) се разгледува првпат од Совеот на Општината и се расправа за евентуални дополнувања. | Совет на Општината |
| до 5 декември | Се доставува конечен предлог-буџет од страна на Градоначалникот | Градоначалник |
| 20-25 декември | 1.Се води јавна расправа со НВО секторот , граѓаните и сите заинтересирани странки со | Комисија за финансирање и буџет и градоначалник |

| | | |
|---|---|---|
| | сугестии, предлози кои ги доставуваат по електронски или по пат на амадмани<br>2. Се води расправа во телата на Советот на Општината | |
| 25-31 декември | 1. Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година.<br>2. Доколку Советот не го усвои Предлог-буџетот донесува одлука за времено финансирање согласно Законот за финансирање на ЕЛС<br>Член 28 став 2. | Совет на Општината |
| 1 јануари | Започнува новата буџетска година | |

**0801 – 1294**

**28.12.2021**

**Свети Николе**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**

**Претседател,**

____________________________

**Валерија Ивановска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за формирање комисија за изработка на Програма за работа на Општина Свети Николе бр. 0801 –1295 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 28. 12. 2021 година.

**Бр.0901- 1296/7**
**28. 12. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 05/02) и чл.129 ст.2 од Деловникот на Совет на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на РМ,, бр.2/06), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 28.12.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

**за формирање комисија за изработка на Програма за работа на**

**Совет на Општина Свети Николе за 2022 год**

Член 1

За изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Свети Николе за 2022 година се формира комисија во состав од 5 (пет) члена :

1.Владимир Тосев - Претседател

2.Кристијан Кузелов - член

3.Фросина Ѓорѓиева - член

4.Александар Симонов - член

5.Саша Мицевска - член

**Член 2**

Комисијата од член 1 на оваа Одлука е изработи Предлог Програма за работа на Советот на Општина Свети Николе за 2022 год, по што истата ќе му ја достави на усвојување на Советот на првата наредна седница.

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр. 0801- 1295** **Совет на Општина Свети Николе**

**28.12.2021 година** **Претседател,**

**Свети Николе** **Валерија Ивановска с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

**Точка 1**
Предлог – Решение за разрешување и именување на член од редот на вработените на Управниот одбор на УО „Народен музеј„ – Свети Николе;

**Точка 2**
Предлог – Одлука за донесување на План за парцелација на ГП 61 и ГП 62 од ДУП дел од „УЕ 2“ Староградско јадро,Општина Свети Николе, составен дел на урбанистички проект

**Точка 3**
Предлог – Програма за работа на ОУ Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе за 2022 година;

**Точка 4**
Предлог – Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2022 година

**Точка 5**
Предлог – Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на административни службеници за 2022 година;

**Точка 6**
Буџетски календар – за 2022 година на Општина Свети Николе;

**Точка 7**
Предлог – Одлука за формирање комисија за изработка на Програма за работа на Општина Свети Николе;

**Бр.0801 - 1297**
**28.12. 2021 година**
**Свети Николе**